## ВРЕМЕ

| Денес | | Утре | | Задутре | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | -1 | 5 | -2 | 5 | -2 |
| ден | ноќ | ден | ноќ | ден | ноќ |

Интернет

**Вчерашни температури во 14 ч**




воздушен притисок 978
релативна влажност 80%

Денеска е 355-от ден | Должина на денот 9:09

**МЕТЕО-дата** Хидро метеоролошки

06:57ч 16:07ч
00:10ч 11:38ч
27.11. 05.12. 12.12. 19.12

**Вчерашни температури во Европа**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Осло | 0 | Виена | 2 |
| Лондон | 6 | Белград | 5 |
| Даблин | / | Загреб | 6 |
| Брисел | 7 | Софија | 6 |
| Париз | 9 | Рим | 14 |
| Мадрид | 10 | Солун | 10 |
| Лисабон | 10 | Атина | 18 |
| Берлин | 5 | Москва | -4 |

**КУРСНА ЛИСТА — НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ИНДИКАТИВНА КУРСНА ЛИСТА БРОЈ: 246 ФОРМИРАНА НА ДЕН 19/12/2008 ГОДИНА
КУРСЕВИТЕ ВАЖАТ ОД 20.12.2008 ГОДИНА, ОД 00,00 ЧАСОТ ПА НАТАМУ
КУРСЕВИ ВО ДЕНАРИ (МКД)

| ЗЕМЈА | ШИФРА | ВАЛУТА | ВАЖИ ЗА | КУПОВЕН ЗА ДЕВИЗИ | СРЕДЕН ЗА ДЕВИЗИ | ПРОДАЖЕН ЗА ДЕВИЗИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| АВСТРАЛИЈА | 36 | AUD | 1 | 29.8405 | 29.9905 | 30.1404 |
| КАНАДА | 124 | CAD | 1 | 35.7214 | 35.9009 | 36.0804 |
| ДАНСКА | 208 | DKK | 100 | 819.9354 | 824.0557 | 828.176 |
| ЈАПОНИЈА | 392 | JPY | 100 | 48.9687 | 49.2148 | 49.4608 |
| НОРВЕШКА | 578 | NOK | 100 | 621.1781 | 624.2996 | 627.4211 |
| ШВЕДСКА | 752 | SEK | 100 | 562.5413 | 565.3681 | 568.195 |
| ШВАЈЦАРИЈА | 756 | CHF | 100 | 3954.1395 | 3974.0096 | 3993.8796 |
| В. БРИТАНИЈА | 826 | GBP | 1 | 65.7732 | 66.1037 | 66.4342 |
| САД | 840 | USD | 1 | 43.8189 | 44.0391 | 44.2593 |
| ЕМУ | 978 | EUR | 1 | 61.0835 | 61.3905 | 61.6975 |

| | | куповен | продажен |
|---|---|---|---|
| ПРИВАТНИ МЕНУВАЧНИЦИ | Евро | 61,45 | 61,75 |
| | Американски долар | 42,00 | 44,00 |
| | Швајцарски франк | 39,20 | 40,20 |


Првиот број на "Вест" излезе на 5 јули 2000 година

Издава: ДНИД "Огледало" ДОО Скопје; Ул. 11 Октомври бр.32; п. фах: 45,1001 Скопје; Телефон: 02/ 3236 700 (централа), факс: 02/ 3236 710; E-mail: vest@vest.com.mk

**РЕДАКЦИЈА ВЕСТ**

Главен и одговорен уредник:
**Горан МИХАЈЛОВСКИ**

Помошници на главниот уредник:
**Снежана М. ВАНКОВА**
**Марина КОСТОВА**

УРЕДНИЦИ:
Борис ГРДАНОСКИ - Фотографија
Марија ЗАФИРОВСКА - Култура
Тони ЗОГРАФСКИ - Спорт
Маја И. ПАЧЕМСКА - Скопје
Лејла САБИТ - Живот
Анита САЛТИРОВСКА - Економија
Бети Т. ТИМИОВСКА - Црна хроника
Горан ТРПЕНОСКИ - Политика
ДИЗАЈН: В. БАЧВАРОВСКИ, М. СПАСОВСКИ
ЛЕКТОР: М. БРАЖАНСКА

Месечна претплата: 390 денари
Сметка во Комерцијална банка АД Скопје: 300000000048051; ЕДБ: 4030000383148
Печати: Европа 92 - Скопје

**МЕНАЏМЕНТ**

ДИРЕКТОРИ
**Д-р Срѓан КЕРИМ**
**Миле ЈОВАНОВСКИ**

Друштво за услуги
**Медиа Принт Македонија ДОО - Скопје**
Ул. Скупи бб - 1000 Скопје
**ДБ 4030003492231**
**Денарска сметка: 300000001826643**
**Депонент КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ**
**Девизна сметка: 257300-0006-0157700**
**Депонент ЕУРОСТАНДАРД БАНКА**
**Маркетинг:**
тел: 02/ 3089-242
факс:02/ 3089-254
E-mail: marketing@vest.com.mk
**Мали огласи и тажни помени**
тел: 3236-730; 3236-830; 3236-930
**24 часа тел: 3089-252**
**Дистрибуција:**
**ул. Скупи бб**
тел: 02/ 3089-300; факс:02/ 3089-301
E-mail: contact@vest.com.mk

АПМ — Дневниот весник ВЕСТ е член на Асоцијацијата на печатени медиуми на Македонија


### ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА СКОПЈЕ ПРЕДЛАГА ЗАМЕНА НА СПОМЕНИЦИТЕ

# Тоше место Александар на Плоштад

■ **Тоше спонтано го одбележа кругот на Плоштад, кога за него таму со недели се палеа свеќи кога загина, а се палеа и годинава на годишнината од смртта**



Скопскиот градоначалник Трифун Костовски предлага на плоштад Македонија место на Александар Македонски, да му се подигне споменик на Тоше Проески. Тој вели дека е многу пореално и поприфатливо во центарот на Скопје да се подигне споменик на трагично загинатата попѕвезда, бидејќи скопјани спонтано го одбрале токму Плоштадот за да ги искажат своите длабоки чувства кон Тоше.

"Тоше го одбележа кругот на Плоштадот. Тука сите се собирале и со недели палеа свеќи кога загина, а нема кој не му запали свеќа токму на ова место и на годишнината од смртта. Сметам дека граѓаните ова место го чувствуваат како место на Тоше, и многу поприродно е на ова место нему да му се подигне споменик, а не на Александар Македонски, кој ако постоеше во денешни времиња, би завршил во Хаг поради убиствата и колежите што ги правел", вели Костовски.

Плоштадот и местото каде што треба да се гради спомeникот од 2004 година е сопственост на Градот, и единствено со

# Камен-темелник откако ќе се тргне елката

Освен од Министерството за транспорт и врски, Градот имал притисоци и од Општина Центар, која не дозволувала Градот да постави елка на Плоштадот, бидејќи планирале по новогодишните празници да почнат со изградба на фонтаната.

"Кога почнавме да ја ставаме елката, дошле од Општина Центар и кажале дека во кругот на Плоштадот годинава не може да има елка, бидејќи тие од втори јануари ќе почнат со градба на фонтаната. Потоа се согласиле градежните работи да ги почнат од 15 ти јануари", вели Костовски.

Општина Центар тврди дека изјавите на градоначалникот Костовски се невистинити и оти ниту имале ниту имаат намера да ставаат камен-темелник на фонтаната на втори јануари.

"За терминот 15 јануари немаме никакви информации. За тоа дали тогаш ќе се постави камен-темелникот одлучува одборот за подигање на споменикот", велат од Општина Центар.



дозвола од Градот таму може да се поставуваат не само споменици туку и нови плочки. Бидејќи градоначалникот Трифун Костовски досега во неколку наврати јавно кажа дека е против споменик на Александар Македонски, Владата сега си ја побарала назад сопственоста на делот од Плоштадот каде што треба да стои споменикот.

"Немам намера да се откажам од концесијата за Плоштадот кој ни е даден на 99-годишно користење. За тоа ќе треба одлука на Советот на Скопје, но јас не можам воопшто да му предложам на Советот такво нешто бидејќи немам аргументи за враќање на концесијата", вели градоначалникот.

Враќање на концесијата за Плоштадот, како што рече Костовски, телефонски му побарал министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески, а официјалната преписка, пак, одела преку претседателката на Советот на Скопје Ирена Мишева која по сугестија од градоначалникот, го одбила барањето.

Министерството за транспорт и врски два дена молчи и не дава одговор на прашањето зошто ја побарало назад концесијата.

*(Е.А.)*

## Споменикот излеан во Италија ?

Споменикот на Александар Македонски пред два месеца беше однесен на леење во Италија. Неофицијално, тој е веќе изработен, а од Италија е порачан и мермерот за постаментот и за фонтаната во која е предвидено да стои споменикот.

Официјално, изработката и поставувањето на овој споменик речиси две години е најстрого чувана тајна. За споменикот на Александар не зборуваат ниту Општина Центар која лани распиша конкурс за него ниту одборот формиран за негово подигање, во кој има и владини членови.

Но и покрај молкот од Општината, како што се зборува во уметничките и во дипломатските кругови, споменикот го направила млада вајарка од Скопје. Висок е 15 метри и излеан е од бронза. Постаментот и фонтаната, во која ќе стои споменикот, ги прави домашна градежна фирма, но со мермер од Карера, Италија.

Од Центар одбија да објаснат зошто споменикот се лее во Италија и зошто фонтаната се поправи со италијански, а не со прилепски мермер.

ИДНИОТ ПЕТОК ВО ВЕСТ




ГОЛЕМ КАЛЕНДАР
...зграпчи ја
2009